# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 09 Февруари 2023 година<br>Скопје<br>Бр.2 Год. XVIII |
| --- | --- |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за доделување хуманитарна помош за настраданото население погодено од катастрофалниот земјотресот во Р.Турција и Сирија ........................................................стр.2


Февруари 2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување хуманитарна помош за настраданото население погодено од катастрофалниот земјотресот во Р.Турција и Сирија**

Се објавува одлуката за доделување хуманитарна помош за настраданото население погодено од катастрофалниот земјотресот во Р.Турција и Сирија, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Првата вонредна седница на советот, одржана на ден 09.02.2023 година.

**Број 09-371/1**
**од 09.02.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13), Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година број 08-2388/24 од 28.12.2022 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/22), советот на Општина Ѓорче Петров на 1-вата вонредна седница одржана на ден 09.02.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување хуманитарна помош за настраданото население погодено од катастрофалниот земјотресот во Р.Турција и Сирија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува финансиска солидарна помош за санирање на последиците од елементарна непогода – земјотрес во Р.Турција и Сирија во износ од 300.000,00 денари, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на РСМ, посебен Фонд за солидарност.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 се издвојуваат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, потпрограма АО, потставка 412110 – постојана резерва, а се уплаќаат на посебна наменска сметка на Црвениот крст на РСМ – Фонд за солидарност, Даночен број: 4030984271620, преку АД Комерцијална Банка - Скопје, сметка 300000001327966.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања на Општина Ѓорче Петров да ја изврши одлуката.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-358/3**
**од 09.02.2023 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**